**Барања од страна на Ромската заедница за унапредување на пристапот до здравствените услуги за унапредување на здравјето на жените и децата**

**Во однос на имунизацијата на децата Роми...**

- Бараме да се формираат мобилни тимови за вакцинација, кои при излегување на терен во ромските заедници ќе ги откријат децата Роми кои не се вакцинирани и ќе ги вакцинираат. Ова посебно се однесува за оние деца кои не одат на училиште.
- Бараме да има повеќе патронажни сестри во поликлиниката во Шуто Оризари, и во Здравствените домови во Делчево, Пехчево и Виница, со што ќе се зголеми бројот на посети на патронажните сестри а со тоа и бројот на корисни информации и совети за нашето здравје и за здравјето на нашите деца.
- Бараме да се спроведуваат едукативни настани во ромските средини за здравјето на децата, онака како што е предвидено во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2015 година.
- Бараме во општината Шуто Оризари курири да ги носат поканите за вакцинација и на тој начин навремено да бидат информирани родителите за потребата од вакцинација на нивните деца.
- Бараме да се обезбеди возило за патронажната служба во Здравствен дом – Делчево со цел нејзино непречено функционирање.
- Бараме трошоците за превоз за вакцинација да бидат надоместени од страна на државата за секое дете чие место на живеење е оддалечено над 2 км од здравствениот дом.
- Бараме во Поликлиниката во Шуто Оризари да се обезбедат соодветни услови за спроведување на имунизацијата и систематските прегледи, односно бараме реновирање на одделот за имунизација, отворање на превентивна стоматолошка ординација и опремување на лабораторијата со потребните апарати.

**Во однос на превентивните гинеколошките прегледи на жените Ромки...**

- Бараме да профункционира ординацијата на матичниот гинеколог во општината Шуто Оризари.
- Бараме во Програмата за рана детекција на малигни заболувања да се предвидат посебни мерки за зголемен опфат на жените Ромки со превентивни гинеколошки прегледи.
- Бараме да се искорени практиката на незаконски наплаќања, односно наплаќање на услуги кои се бесплатни за жените од страна на некои од матичните гинеколози.

ECE ESE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Centari basi Demokratikano Zuraribe thai Inicijativa
Центар за Демократски Развој и Иницијатива
Center for Democratic Development & Initiative

НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА КХАМ ДЕЛЧЕВО